# Понуда за ревизија Аутомакедонија АД, Скопје



Април 2025

# Понуда за ревизија

До:
**Аутомакедонија АД, Скопје**

Почитувани,

Задоволство ни е да ви ја презентираме нашата понуда за ревизија на вашите финансиски извештаи и да ви прикажеме како Крестон Македонија ќе ги задоволи вашите барања.

Веруваме дека ние сме соодветно прилагодени за да ги разбереме и поддржиме вашите цели од повеќе причини.

Ова претставува одлично време за нас да внесеме свежа и комплетно независна перспектива, додека вие сте посветени да испорачате квалитетни услуги преку вашиот бизнис. Ние сме посветени да видиме како сите наши клиенти успеваат во остварувањето на нивните стратешки цели и да додадеме дополнителна вредност во нивното работење и да спроведеме сигурна и независна ревизија.

Ние сме целосно посветени кон остварување на квалитетни професионални услуги во земјата и ширум светот.

Се надеваме на долгорочна соработка.

Крестон Македонија.

Скопје,

22 Април 2025

# Содржина

**01** Разбирање на вашите потреби

**02** Зошто КРЕСТОН?

**03** Нашата ГЛОБАЛНА мрежа

**04** Нашиот план и пристап

**05** Нашиот тим

**06** Временска рамка на ангажманот

**07** Нашиот предлог надоместок

KRESTON MACEDONIA

# Дел 01:

## Разбирање на вашите потреби

# 01 Разбирање на вашите потреби

Подготвени сме на соработка со вас и сме целосно уверени во нашите способности за да ги задоволиме вашите потреби.

**Обем на ревизорските услуги**

Во овој дел од понудата се одговорите на вашето барање за ревизија на финансиските извештаи.

Нашето разбирање е дека сте во процес на избор на независен ревизор за ревизија на вашите **финансиски извештаи** за годината што завршува на 31 декември 2025 година, и тоа:

- Ревизија на финансиски извештаи на Аутомакедонија АД, Скопје

Врз основа на тоа ние ќе издадеме:

• Мислење на независниот ревизор за тоа дали финансиските извештаи, реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба, резултатите од работењето, готовинските текови и промените во капиталот за годината која завршува на 31 декември 2025 година во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Македонија.

KRESTON MACEDONIA

# Дел 02:

## Зошто КРЕСТОН?

# 02 Зошто КРЕСТОН?

KRESTON MACEDONIA

**14$^{ти}$ во светот**

Крестон Глобал е мрежа на повеќе од 27,500 луѓе во 150 независни фирми лоцирани во над 110 земји во светот. Основана пред повеќе од 50 години, со цел, да помогне на компаниите и луѓето да успеат во светски рамки. Крестон Глобал е 14$^{та}$ најголема мрежа на ревизорски компании во светот

**Се познаваме.**

Ние градиме доверба и сигурност како дел од долгорочното партнерство со клиентите. Кога станува збор за одлуки кои ја обликуваат вашата иднина – ти треба некој кој ве разбира. Другар.

**Крестон Македонија**

Крестон Македонија обезбедува ревизорски и услуги за уверување, советодавни, сметководствени и даночни услуги на домашни компании и меѓународни организации.

Нашата меѓународна

мрежа Крестон Глобал, е една

од светски водечките даватели на ревизорски, сметководствени, даночни и советодавни услуги.

KRESTON MACEDONIA

# Дел 03:

## Нашата ГЛОБАЛНА мрежа

# 03 Нашата ГЛОБАЛНА мрежа

KRESTON MACEDONIA



# 03 Нашата ГЛОБАЛНА мрежа

Фирмите членки на Kreston Global работат со организации и поединци кои сакаат да ги прошират и развијат своите меѓународни операции.

Нашите фирми имаат сличен професионален етос, се комерцијално фокусирани и си поставуваат многу високи стандарди.

Нашите фирми членки работат заедно за да ги водат клиентите низ предизвиците за работа на меѓународно ниво, од справување со прекугранични даночни прашања, трансферни цени или отворање на компании на нови пазари, инвестиции или поддршка за плати. Клиентите на Kreston имаат единствена точка на контакт без разлика дали се во една земја или на повеќе локации, или локални експертски контакти во повеќе земји.
Ние сме долгогодишен член на “Forum of Firms”, глобално здружение на мрежи на фирми кои вршат транснационални ревизии.

Обично, нашите фирми, партнери и вработени во Крестон функционираат во нивните заедници и имаат длабоко разбирање за локалните закони, култура и обичаи. Со пристап до над 22.000 посветени професионалци ширум светот и нашите групи на глобални експерти, мрежата на Kreston е тука да ви помогне да зајакнете локално и да успеете на меѓународно ниво.

# 03 Нашата ГЛОБАЛНА мрежа

KRESTON MACEDONIA



KRESTON MACEDONIA

# Дел 04:

## Нашиот план и пристап

# 04 Нашиот план и пристап

KRESTON MACEDONIA

- Нашиот процес на ревизија на финансиските извештаи ги содржи следниве фази

| Фаза | Активност | Период на извршување |
|---|---|---|
| **Прелиминарно планирање** | Средба со менаџментот на компанијата<br><br>Прибирање на податоци<br><br>Разбирање на промените во работењето и окружувањето доколку се случиле<br><br>Разбирање на промените во сметководствените процеси и информациски системи | **Октомври 2025** |
| **Планирање на ревизорскиот ангажман** | Процена на ризици<br><br>Детално запознавање и разбирање на вашите оперативни бизнис циклуси<br><br>Детално разбирање на дизајнот и имплементацијата на системот на интерни контроли | **Ноември 2025** |
| **Тестирање** | Извршување на тестови на интерните контроли<br><br>Присуство на годишниот попис<br><br>Извршување на суштински ревизорски процедури<br><br>Фокусирање кон ризичните подрачја во текот на ревизијата<br><br>Вреднување на резултатите од извршеното тестирање | **Февруари - Март 2026** |
| **Комплетирање на ревизијата и известување** | Разрешување на спорните прашања со менаџментот<br><br>Извршување на анализа на последователни настани<br><br>Издавање на ревизорски извештај<br><br>Издавање на писмо до раководството | **Март 2026** |

# Дел 05:

## Нашиот тим

# 05 Нашиот тим

- Нашето искуство ни кажува дека воспоставувањето на правилен тим и тимска структура е од клучно значење за услугата од светска класа што ја очекувате и ние се обврзуваме да ја испорачаме. Се одликува со еден основен тим од високи професионалци за спроведување на финансиската ревизија.

- Нашиот тим се состои од професионалци во областите на експертиза потребни за извршување на ревизијата, вклучувајќи ревизија, сметководство, даноци, информациски системи, внатрешни контроли и други специјализации соодветни на вашиот бизнис. Сеопфатното искуство со кое тие придонесуваат главно, иако не исклучиво, произлегува од проектите што ги спроведува фирмата.

- Ќе видите конзистентност во стилот и пристапот на нашиот тим во текот на ревизијата и последователно, кој вистински ќе испорача врвна услуга. Нашиот пристап е да обезбедиме директна и лична услуга од партнер до клиент. Партнерот за ревизија е директно вклучен во секојдневните задачи на тимот за ревизија. Нашиот персонал има длабинско искуство во широк спектар на области и докажана способност за тимска работа. Гарантираме дека сите вклучени членови на тимот ќе имаат доволен капацитет да ви служат според највисоките стандарди во секое време



## Ненад Тортевски, овластен ревизор – Управувачки Партнер



Ненад Тортевски, овластен ревизор е Управувачки Партнер во Крестон Македонија. Своето високо образование го има стекнато на економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а исто така и постдипломските студии ги завршил на Економскиот факултет на насоката сметководство и ревизија при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Тој е Овластен ревизор во Република Македонија и член на Институтот за овластени ревизори во Македонија.
Поседува лиценца за Овластен сметководител во Република Македонија и е овластено вешто лице во областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење, член на Комората на вештаци на Република Македонија.

Тој беше дел од повеќе меѓународни ревизорски фирми, вклучувајќи и фирма од големата четворка и има повеќе од 17 години искуство локално и регионално во полето на ревизијата, даночното советување, превземања, длабински анализи, вештачење и сметководствени услуги.

Некои од неговите ангажмани во ревизијата во делот на компаниите вклучуваат ангажмани во следните друштва: Алкалоид АД Скопје, ДС Смитх АД Скопје, Адинг АД Скопје, Скопски Пазар АД, Скопје, РЖ Институт АД, Скопје, Галеб АД, Охрид, ГА-МА АД, Скопје, Киро Дандаро АД, Битола, Интернешнел Хотелс АД, Скопје, Тутунски комбинат АД, Прилеп, Актор АДТ, Скопје, АрцелорМиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, Виенербергер Виница, Бучим доо, Радовиш, Аутомобиле СК доо, Скопје, Еуроимпекс доо, Скопје, Ми-Да Гранд Моторс доо Скопје, Меркур Македонија доо, Скопје, КиК дооел, Скопје, ИГМ Трејд доо, Кавадарци, Унија финансиска доо, Скопје и други; во делот на јавните и државни претпријатија: ЕЛЕМ АД, Скопје, Јавно Сообраќајно Претпријатие Скопје, Скопје, ЈП Комунална хигиена, Скопје, Агенција за електронски комуникации и други
Во делот на банкарскиот сектор и финансиски друштва: Народна банка на Република Северна Македонија, Универзална Инвестициона банка АД Скопје, Капитал банка АД Скопје, финансиско друштво Динерс Клуб Интернационал МАК дооел Скопје и други.

## Звонко Кочовски, овластен ревизор, Партнер



Звонко Кочовски е Партнер во Крестон Македонија, со 28 годишно искуство во делот на ревизија, советување и корпоративни финансии. Тој е овластен ревизор, овластен сметководител, овластено вешто лице и овластен проценител.

Тој беше дел од Меѓународна ревизорска мрежа во период од 22 години, и повеќе од 2 години како финансиски контролер во индустријата за тутун.
Тој е активно вклучени во проекти за обука и учествува како предавач на настани организирани од Стопанските комори, Институтот на овластени ревизори и др. Од 2000 година е активно вклучен во делот на ревизија на ангажмани кај клиенти од различни видови на индустрии, проекти на спојување и преземање, длабински анализи и процена.
Негова специјалност се ревизии на проекти поддржани од USAID, EU и други донатори.

KRESTON MACEDONIA

# Дел 06:

## Временска рамка на ангажманот

# 06 Временска рамка на ангажманот

- Ви го претставуваме предложениот распоред за ревизорскиот ангажман. Ние сме подготвени да го прилагодиме предложениот распоред во согласност со вашите известувачки обврски или пак по ваше барање.
- Ние сме подготвени да ги почитуваме роковите поставени од менаџментот на компанијата во однос на нашиот ангажман. Затоа пред отпочнување на ревизијата ние ќе подготвиме детален преглед на потребни документи се со цел да воспоставиме блиска соработка со вашиот персонал и да ги исполниме договорените термини за известување.
- Ние ќе започнеме со детално планирање на нашиот ангажман веднаш по потпишување на договорот за ревизија, за да елиминираме било какви проблеми кои може да настанат за време на ревизијата на финансиските извештаи.

Прелиминарен преглед на работа

| **Ревизија** | **Временски интервал** |
|---|---|
| Теренска работа Field Work – пред ревизија | Ноември 2025 |
| Теренска работа – финална | Февруари 2026 |
| **Известување** | **Временски интервал** |
| Нацрт ревизорски извештај | Март 2026 |
| Финален ревизорски  извештај | Март 2026 |

# Дел 07:

## Нашиот предлог надомест

# 07 Нашиот предлог надомест

- Нашиот предлог надомест за ревизија на финансиските извештаи е прикажан подолу. Овој надоместок е базиран на надоместоците по час на ангажираните лица и претпоставените часови за ангажманот. Предложениот надоместок е конкурентен и ќе овозможи на вашите друштва да обезбедиме услуга со врвен квалитет.
- Нашата цел е да договориме надоместок кој ќе биде адекватен во однос на потребниот обем на работа и ризикот на ангажманот и кој ќе ни овозможи да ја извршиме нашата работа со највисок квалитет.
- Врз основа на структурата и обемот на ревизорска работа како што наведовме претходно, ние го даваме следниот предлог надомест за нашите услуги, **ревизија на финансиски извештаи за 2025 година.**

| **Услуга** | **во ЕУР** |
|---|---|
| Ревизија на извештаи за 2025 г | **8.000** |

Износот од осум илјади ЕУР е без вклучен ДДВ од 18%.

Фактурирањето ќе биде во МКД по среден курс на НБРМ на денот на фактурирање.

Начин и услови на плаќање – 100% во рок од 3 дена по доставувањето на фактурата заедно со извештајот.

KRESTON MACEDONIA

# Ви благодариме

Крестон Македонија дооел
Ул. Пандил Шишков бр. 5-1/45,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
ДБ. МК4032023552493 | ЕМБС 7569530
+389 79 263 220
kreston.mk | info@kreston.mk

